817

Бр. 02-сл.
18.05. 2022 год.
Скопје
19.05.2022

До: МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

## БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник број 101/2019), од Имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. Информации и документи поврзани со електронската платформа за аплицирање на Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2022 година на Министерството за култура (натамошен текст: електронска апликација):
   a. Кои лица покренаа иницијатива за воведување на ваква електронска апликација?
      i. Да се достави документација за истите;
   b. Документација поврзана со интерната постапка во Министерството за култура за воведување на електронската апликација;
   c. Дали Министерот за култура ја информирал Владата за воведувањето на електронската апликација?
      i. Ако одговорот е позитивен да се достави записник од конкретната седница на Влада, како и целокупна документација поврзана со електронската апликација и Владата;
   d. Дали Министерот за култура побарал дозвола од Владата за пуштање во употреба на електронската апликација?
      i. Ако одговорот е позитивен да се достави документација;
      ii. Ако одговорот е негативен да се доставaт информации кој е надлежен да даде дозвола за пуштање во употреба на ваква електронска апликација;
   e. Дали Министетрот за култура побарал мислење од МИОА в.в. со електронската апликација?
      i. Ако одговорот е позитивен да се достави документација;
   f. Дали Министерот за култура побарал мислење од секторите во Министерството за култура за изработката и пуштањето во употреба на електронската апликација?
      i. Доколку одговорот е позитивен да се достави листа со сектори од Министерството за култура од кои е побарано мислење, заедно со одговорите од секој од секторите;

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: | 20.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| УП1 | 03-106 | | |

2. Информации и документи на Министерството за култура – Сектор за управен и инспекциски надзор поврзани со дописот бр. Ип1 бр. 08-461 од 08.04.2022 година со кој Државниот управен инспекторат го запознава Министерството за култура – Сектор за управен и инспекциски надзор со нашите наводи за дискриминација на јавен интерес од електронската апликација на Министерството за култура
   a. Што има преземено надлежниот сектор во Министерството за култура во поглед на овој допис од ДУИ – да се наведат конкретни акти и дејствија?
   b. Што презема надлежниот сектор во Министерството за култура во поглед на овој допис од ДУИ?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 18.05.2022 година**

Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год.
____________ 20___ год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-106
02.06 2022 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на [illegible] УП1 бр.03-106 од 20.05.2022 година, заменикот министер за култура, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од страна на [illegible] УП1 бр.03-106 од 20.05.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура **СЕ ПРИФАЌА.**

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бараат следните информации:

1. Информации и документи поврзани со електронската платформа за аплицирање на Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2022 година на Министерството за култура (натамошен текст: електронска апликација):

a. Кои лица покренаа иницијатива за воведување на ваква електронска апликација?

i. Да се достави документација за истите;

b. Документација поврзана со интерната постапка во Министерството за култура за воведување на електронската апликација;

c. Дали Министерот за култура ја информирал Владата за воведувањето на електронската апликација?

i. Ако одговорот е позитивен да се достави записник од конкретната седница на Влада, како и целокупна документација поврзана со електронската апликација и Владата;

d. Дали Министерот за култура побарал дозвола од Владата за пуштање во употреба на електронската апликација?

i. Ако одговорот е позитивен да се достави документација;

ii. Ако одговорот е негативен да се достават информации кој е надлежен да даде дозвола за пуштање во употреба на ваква електронска апликација;

e. Дали Министетрот за култура побарал мислење од МИОА в.в. со електронската апликација?

i. Ако одговорот е позитивен да се достави документација;

f. Дали Министерот за култура побарал мислење од секторите во Министерството за култура за изработката и пуштањето во употреба на електронската апликација?

i. Доколку одговорот е позитивен да се достави листа со сектори од Министерството за култура од кои е побарано мислење, заедно со одговорите од секој од секторите;

2. Информации и документи на Министерството за култура – Сектор за управен и инспекциски надзор поврзани со дописот бр. Ип1 бр. 08-461 од 08.04.2022 година со кој Државниот управен инспекторат го запознава Министерството за култура – Сектор за управен и инспекциски надзор со нашите наводи за дискриминација на јавен интерес од електронската апликација на Министерството за култура

a. Што има преземено надлежниот сектор во Министерството за култура во поглед на овој допис од ДУИ – да се наведат конкретни акти и дејствија?

b. Што презема надлежниот сектор во Министерството за култура во поглед на овој допис од ДУИ?

Барателот на информацијата побара информациите да му бидат доставени во електронска форма на електронска адреса.

Министерството за култура на електронските адреси [redacted] и [redacted] го дава следниот одговор:

Во врска со 1-то прашање од Барањето, Ве известуваме дека постојат значајни Владини и други документи со кои се предвидува дигитализација на административното работење, односно дигитализација во јавниот сектор се со цел олеснување на работата и вршењето на услугите кон клиентите, а тоа се:

- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024 (https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vlada-agenda2024-finalno_programa_1.pdf)

- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa_za_rabota_na_vladata_na_republika_severna_makedonija_za_2021_godina_0.pdf), како и
- Национална Стратегија за ИКТ 2021-2025 в1.1 (https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=newdocumentdetails&detalisId=23)

Од Програмите за работа на Владата на Република Северна Македонија, во Поглавјето Модерна и ефикасна администрација: повеќе систем, помалку бирократија го издвојуваме следното:

- Сите граѓани и сите деловни компании, заслужуваат брзо и ефикасно задоволување на нивните потреби и барања, без непотребни процедури, документи и даватели. Истовремено, јавната администрација заслужува добра организација, професионални, мотивирани и соодветно платени службеници. Затоа, целта на Владата ќе биде да создадеме ефикасна професионална јавна администрација, базирана на интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники. Така ќе постигнеме: побрза услуга, подобар квалитет и еднаквост во пристапот за сите граѓани и деловни субјекти.
- Дигитализацијата и иновациите се главната реформа на современата, европска јавна администрација, помагајќи им на граѓаните и на деловната заедница да добијат најмногу од дигиталните технологии. Ефективна е-Влада обезбедува широк спектар на придобивки, вклучувајќи поголема ефикасност и заштеди во буџетот, зголемена транспарентност и поголемо учество на граѓаните и деловната заедница во креирањето на политиките. Во овој контекст Владата смета дека јавната администрација мора да обезбедува дигитални услуги, како задолжителна опција; не смее да бара од граѓаните и деловната заедница никаква информација или податок, кој веќе е обезбеден и мора да дизајнира јавни услуги кои по дефиниција се инклузивни и ги исполнуваат потребите на ранливите групи, како што се возрасните и луѓето со пречки.

На крајот го посочуваме и Предлог законот за јавниот интерес во културата (https://akademik.mk/predlog-zakonot-za-javniot-interes-vo-kulturata-ke-vleze-vo-sobraniska-protsedura/), кој влезе во собраниска процедура во јануари 2020 година. Во членот 51, став 9 се вели: „Пријавувањето на конкурсите е по електронски пат преку електронски систем за управување со пријави".

Во врска со 2-то прашање од Барањето Министерството за култура во прилог на ова Решение доставува:

- Иницијатива ИП 1 бр.08-461 од 08.04.2022 година од горенаведениот субјект, за вршење на итен вонреденинспекциски надзор во однос на воведената електронска апликација за

годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2022 година и Ве известуваме за следното:

По однос на горецитираниот Допис на Државниот управен инспекторат, со доставената Иницијатива на студентското движење на надлежност, Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура се произнесе со Допис бр.57-5961/2 од 06.05.2022 година ( Прилог 1 ), до Државниот управен иснпекторат. Воедно, Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, за својата ненадлежност да постапува по предметната Иницијатива имајќи ги предвид надлежностите утврдени со Законот за културата, со Допис бр.57-5961/4 од 12.05.2022 година ( Прилог 2) , го има известено и Македонското Поглавје од Меѓународното СТУДЕНТСКО ДВИЖЕЊЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ОД КОСМОСОТ.

Во меѓувреме од Државниот управен инспекторат со Допис ИП 1 бр.08-461 од 06.05.2022 година ( Прилог 3 ), до Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура е препратено дополнување на Иницијативата бр.02-Сл. Од 21.04.2022 година, за вршење вонреден инспекциски надзор од Македонското Поглавје од Меѓународното СТУДЕНТСКО ДВИЖЕЊЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ОД КОСМОСОТ. Имајќи го предвид фактот дека пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се води постапка по жалба, Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, со допис бр.57-5961/5 од 13.05.2022 година ( Прилог 4 ), целокупната документација во копија на увид и запознавање ја има доставено до Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на Министерството за култура, со напомена дека инспекторите за култура по предметната Иницијатива немаат надлежност, ниту да вршат управен, ниту инспекциски надзор врз работата на министерството за култура, а за која Државниот управен инспекторат се огласи за ненадлжен да постапува, со образложение дека целата постапка спроведена по годишните конкурси за 2022 година е распишана и водена по одредбите од Законот за културата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под УП1 бр.03-106 од 20.05.2022 година, со кое побара следните информации во електронска форма да се доставаат на електронска адреса:

1. Информации и документи поврзани со електронската платформа за аплицирање на Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2022 година на Министерството за култура (натамошен текст: електронска апликација):

a. Кои лица покренаа иницијатива за воведување на ваква електронска апликација?
i. Да се достави документација за истите;

b. Документација поврзана со интерната постапка во Министерството за култура за воведување на електронската апликација;

c. Дали Министерот за култура ја информирал Владата за воведувањето на електронската апликација?

i. Ако одговорот е позитивен да се достави записник од конкретната седница на Влада, како и целокупна документација поврзана со електронската апликација и Владата;

d. Дали Министерот за култура побарал дозвола од Владата за пуштање во употреба на електронската апликација?

i. Ако одговорот е позитивен да се достави документација;

ii. Ако одговорот е негативен да се достават информации кој е надлежен да даде дозвола за пуштање во употреба на ваква електронска апликација;

e. Дали Министетрот за култура побарал мислење од МИОА в.в. со електронската апликација?

i. Ако одговорот е позитивен да се достави документација;

f. Дали Министерот за култура побарал мислење од секторите во Министерството за култура за изработката и пуштањето во употреба на електронската апликација? i. Доколку одговорот е позитивен да се достави листа со сектори од Министерството за култура од кои е побарано мислење, заедно со одговорите од секој од секторите;

2. Информации и документи на Министерството за култура – Сектор за управен и инспекциски надзор поврзани со дописот бр. Ип1 бр. 08-461 од 08.04.2022 година со кој Државниот управен инспекторат го запознава Министерството за култура – Сектор за управен и инспекциски надзор со нашите наводи за дискриминација на јавен интерес од електронската апликација на Министерството за култура

a. Што има преземено надлежниот сектор во Министерството за култура во поглед на овој допис од ДУИ – да се наведат конкретни акти и дејствија?

b. Што презема надлежниот сектор во Министерството за култура во поглед на овој допис од ДУИ?

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и **на Барателот на информацијата му ги даде** бараните информации содржани во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова

Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-106.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР

Daim Luçi

Подготвил: Ана Кардула, службено лице

Република Северна Македонија
Министерство за култура
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Бр. 57 - 5961/2
Датум: 06.05.2022 година

Архивска ознака: ..........
Рок на чување: .......... год.
.......... 20 .... год.
Потпис.

ДО:
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
- за Каролина Стојановска Богдановска, главен инспектор
Скопје

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. ИП 1 бр. 08-461 од 12.04.2022 г.

Во врска со горецитираниот Допис, примен во Секторот за управен и инспекциски надзор на ден 27.04.2022 г., со кој што на надлежност ни ја доставувате Иницијативата за вршење вонреден инспекциски надзор во Министерството за култура (во натамошниот текст: МК), заведена под Ваш ИП 1 бр. 08-461 од 08.04.2022 г., поднесена од страна на Македонското поглавје од Меѓународното СТУДЕНТСКО ДВИЖЕЊЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ОД КОСМОСОТ, Скопје, а којашто се однесува на **воведената електронска апликација за годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2022 година**, со изнесени наводи за начинот на спроведување на постапката пред МК по конкурсите, распишани согласно со одредбите од Законот за културата („Сл.весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), меѓудругото за донесување на актите и достава на истите, односно дека барателите кои учествувале на конкурсот, пријавите ги поднесувале електронски на електронска апликација дадена од страна на МК, а донесените акти по конкурсот од страна на МК се доставувани во хартиена форма и дека апликантите не биле во можност да вршат дополнување на поднесоците, Ве известуваме за следното:

Како што наведувате во Вашиот Допис согласно со член 80 од Законот за културата, управен надзор над спроведување на законите и другите прописи во областа на културата го врши МК, но истиот се однесува и се врши само **„над субјектите што вршат дејност од областа на културата" (јавни и приватни установи, други правни и физички лица во смисла на Законот за културата),**


Министерство за културата
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

односно на став сме дека не се врши над работењето на самото Министерство за култура според одредбите од Законот за културата.

Додека, во рамките на надлежностите утврдени во член 82 од Законот за културата, инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, вршат нспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во културата, вклучително и на одредбите од Законот за културата, но без надлежност да постапат во конкретниот случај по предметната Иницијатива, „во делот на водењето на постапката", по електронски пат, а по поднесените пријави на годишните конкурси за 2022 година, објавени од страна на МК, а за што ќе биде известен и подносителот на Иницијативата.

Во врска со наведеното во Вашиот Допис дека согласно со член 5 од Законот за постапување по преставки и предлози („Службен весник на РСМ" бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15), поднесената Иницијатива во делот кој се однесува на прашања поврзани со електронската апликација и поднесување на пријавите со Допис ИП 1 бр. 08-461 од 12.04.2022 г., ја имате доставено на запознавање и надлежност до Министерството за информатичко општество и администрација, замолуваме за нивното евентуално произнесување или постапување по конкретното прашање, да бидеме писмено известени.

Оттука, имајќи го предвид горенаведеното, на став сме дека доколку имате сознанија за конкретна повреда на одредбите од ЗОУП, при спроведување на конкурсите за 2022 година, е потребно да постапите во рамките на Вашите законски надлежности.

Ви благодариме за соработката,

Главен инспектор,
Сабина Синан

Подготви: Маја Митревска, раководител на Одделение – виш инспектор


Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

за инспекција

Република Северна Македонија
Министерство за култура
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Бр. 57 - 5961/4
Датум: 12.05.2022 година

Архивски знак: ............
Рок на чување: ............ год.
........ 20___ год.
Потпис.

ДО:

**Македонското поглавје од Меѓународното**
**СТУДЕНТСКО ДВИЖЕЊЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ**
**И РАЗВОЈ ОД КОСМОСОТ MK-SEDS**
**-за г. Александар Ташковски, претседавач**
**Скопје**

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 02-Сл од 05.04.2022 г.

Во врска со Иницијативата под горенаведениот број и датум, со која што од Државниот управен инспекторат од аспект на примената на Законот за општата управна постапка, барате да изврши итен вонреден инспекциски надзор во Министерството за култура, конкретно во однос на електронската апликација за годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2022 година, со наводи за начинот на спроведување на постапката пред Министерството за култура по однос на конкурсите, распишани согласно со одредбите од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), меѓудругото за донесување на актите и достава на истите, односно наводите дека барателите кои учествувале на конкурсот, пријавите ги поднесувале електронски на електронска апликација дадена од страна на Министерството за култура, а донесените акти по конкурсот од страна на МК се доставувани во хартиена форма и дека „апликантите не биле во можност да вршат дополнување на поднесоците", би сакале да Ве известиме за следното:


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

Со Допис ИП 1 бр. 08-461 од 12.04.2022 г., од страна на Државниот управен инспекторат, предметната Иницијатива е доставена на надлежност и постапување до Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, со образложение дека за преземените дејствија и донесените акти, односно за целата постапка спроведена по годишните конкурси за 2022 г., е констатирано дека се „распишани и водени по одредбите од Законот за културата".

Но, имајќи го предвид членот 80 од Законот за културата, според којшто управен надзор над спроведување на законите и другите прописи во областа на културата го врши Министерството за култура, на став сме дека истиот се однесува и се врши само над „субјектите што вршат дејност од областа на културата (јавни и приватни установи, други правни и други физички лица во смисла на Законот за култура)" односно не се врши над работењето на самото Министерството за култура, според одредбите од Законот за културата.

Додека, имајќи ги предвид надлежностите утврдени во членот 82 од Законот за културата, инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, вршат инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во културата, но без надлежност да постапат во конкретниов случај во делот на водење на постапката по електронски пат и согласно со ЗОУП.

Воедно, во однос на наведеното во Дописот на Државниот управен инспекторат, дека во делот на прашањата поврзани со електронската апликација и поднесувањето на пријавите преку истата, Иницијативата е доставена на надлежност и постапување и до Министерството за информатичко општество и администрација согласно со Законот за електронско управување и електронски услуги („Сл. весник на РСМ" бр. 98/19 и 244/19), а за преземените мерки и активности ќе бидете известени од Министерството за информатичко општество и администрација.

Во однос на наводите за поднесената „Жалба пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" и посочениот Допис на Министерството за култура под УП1 бр. 21-3785/2021 од 30.03.2022 г., изнесени во Дополнувањето на Вашата Иницијатива, заведено под бр. 02-Сл. од 21.04.2022 г., исто така препратено до Секторот за управен и инспекциски надзор од страна на Државниот управен инспекторат со Допис ИП 1 бр. 08-461 од 06.05.2022 г. (заведено во МК под бр. 57-5961/3 на 11.05.2022 г.), Ве известуваме дека Иницијативата и дополнувањето на истата, со сите списи ќе

бидат препратени на увид и постапување до Секторот за дејноститие од областа на културата и уметноста на Министерството за култура.

Ви благодариме за соработката,

Раководител на Сектор-главен инспектор,
Сабина Синан

Подготви: Маја Митревска, раководител на Одделение – виш инспектор


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 11. 05 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë: |
| 57 | 5961 | 3 | |

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год
Потпис,

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Архивски знак: Ип1.бр.08-461
Дата: 06.05.2022 година

11 -05- 2022

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР
ул.Ѓуро Ѓаковиќ бр.61 Скопје
1000 Скопје, Република Северна Македонија

57/

ПРЕДМЕТ: Известува/препраќа

Почитувани,
До Државниот управен инспекторат од страна на Македонско Поглавје од Меѓународното СТУДЕНТСКО ДВИЖЕЊЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ОД КОСМОСОТ-Скопје доставен е дополнителен поднесок-претставка насловен како дополнување на иницијатива за вршење на итен и вонреден инспекциски надзор од 05.04.2022 година, заведен во овој орган под Ип1 бр.08-461 од 28.04.2022 година. Со истиот се побарува од овој орган да се изврши итен вонреден инспекциски надзор во Министерството за култура а по доставено известување Уп1 бр.21-3785/2021 од 30.03.2022 година на Министерството за култура во врска со електронската апликација за Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделени области и активности од културата за 2022 година. Во продолжение на истиот се изнесени наводи и во однос на фактот дека пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се води жалбена постапка поведена против донесен управен акт во конкретната постапка од страна на Министерството за култура.
Од страна на управниот инспектор со должно внимание разгледани се изнесените наводи во погоренаведениот поднесокот-претставка при што се известувате за следното:
Од страна на подносителот до овој орган предходно е доставен писмен поднесок – претставка заведен под Ип1 бр.08-461 од 08.04.2022 година со кој беа изнесени наводи во однос на спроведената постапка од Министерството за култура по однос на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес по одделени области и активности од културата за 2022 година распишан согласно одредбите од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15,

39/16, 11/18 и 11/18) во прилог на кој се изнесени наводи дека барателите кои конкурирале пријавите ги поднесувале електронски на електронска апликација дадена од страна на Министерството за култура а понатаму донесените акти по иститие се доставувани во хартиена форма.

Од страна на Државниот управен инспекторат следуваше со допис-известува/препраќа на надлеженост Ип1 бр.08-461 од 12.04.2022 година писмениот поднесок/претставка заведен во овој орган под Ип1 бр.08-461 од 08.04.2022 година со прилози да го достави до Министерството за култура-Сектор за управен и инспекциски надзор на запознавање и понатамошно постапување како надлежни за спроведување на управен и инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18).

Согласно погореизнесеното а бидејќи и со дополнително доставениот поднесок заведен под Ип1 бр.08-4612 од 28.04.2022 година подносителот изнесува наводи во однос на предходно поднесениот поднесок заведен под Ип1 бр.08-461 од 08.04.2022 година, следува овој орган и дополнително доставениот поднесок заведен под Ип1 бр.08-46 од 28.04.2022 година со прилози да Ви го достави во прилог на овој допис на Ваше запознавање.

Со почит,

Главен инспектор
Каролина Стојановска Богдановска

ПРИЛОГ:

Македонско Поглавје од Меѓународното СТУДЕНТСКО ДВИЖЕЊЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ОД КОСМОСОТ MK-SEDS
Бр. 02-сл.
27.04.2022 год.
Скопје

**ДО:** ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ, со седиште на адреса: ул. "Даме Груев" бр.5, кат 1, п.ф. 1000, Скопје;

**ОД:** Македонско Поглавје од Меѓународното СТУДЕНТСКО ДВИЖЕЊЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ОД КОСМОСОТ – Скопје, со скратен назив Македонски СТУДЕНТИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ОД КОСМОСОТ – Скопје, акроним МК-СИРК/MK-SEDS, со седиште на адреса: ул. "Руѓер Бошковиќ", бр. 16, 1000 Скопје, застапувано од претседавачот Александар Ташковски, со телефонски број 075-211-778 и електронски адреси: aleksandar.tashkovski@yahoo.com; contact@seds.mk и macedonian.seds@gmail.com

**ПОДНЕСОК:** Дополнување на Иницијатива од 05.04.2022 година

**ПРЕДМЕТ:** Дополнување на Иницијатива за вршење на итен и вонреден инспекциски надзор од 05.04.2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
INSPEKTORATI SHTETËROR ADMINISTRATIVE
СКОПЈЕ / SHKUP

| Примено: Pranuar: | 28.04.2022г | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 08 | -461 | | |

*Почитувани,*

Со овој поднесок вршиме дополнување на Иницијативата за вршење на итен и вонреден инспекциски надзор поднесена со препорачана пошта бр. RC020548167MK пред Државниот управен инспекторат, со наш А. бр. 02-сл. од 05.04.2022 година.

Во прилог на овој поднесок вршиме достава на Известување со А. бр. УП1 21-3785/2021 од 30.03.2022 година, донесено од Министерството за култура а в.в. со наш Поднесок за измена и дополнување на Пријава бр УП1 21-3785/2021 поднесен на 08.02.2022 година со наш А. бр. 02-сл а в.в. со материјалите поврзани со Иницијативата за вршење на итен и вонреден инспекциски надзор поднесена пред Државниот управен инспекторат.

Известувањето кое го добивме од Минситерството за култура **ги потврди сите наши наводи** изнесени во Жалбата пред Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и во Иницијативата за вршење на итен и вонреден инспекциски надзор пред Државниот управен инспекторат; и тоа:

**1.** Наводите за суспендирање на Законот за општа управна постапка **се потврдени** од Министерот за култура во првиот пасус од Известувањето, каде Министерот за култура не информира дека *„утврдена можност за измена и дополнување на пријава по објавување на годишната програма не постои"*

- <u>**Еднаш доделени права може само да се унапредат, а не да се уназадат**</u>. Имено, Министерството за култура низ сите години назад **дозволувало дополнување на поднесоците** особено поради природата на материјата за која е должна да ја спроведува политиката на извршување на законите – особено во смисла на <u>авторското право</u>, кое е живо право и не може истото да се подведи на забрани за дополнувања, бидејќи на тој начин би се нарушиле меѓународните, но и уставно гарантираните права на човекот и граѓаните. *A fortiori*, во минатото самото Минситерство за култура **по службена должност барало дополнување на поднесените пријави в.в. годишните конкурси**, па така сега во оваа т.н. 'дигитализација' која наликува на средновековното феудално, а не на денешното демократско уредување, Минситерството за култура одлучило **да го суспендира Законот за општа управна постапка, да ги суспендира сите правни начела** од овој закон и да го применува истиот по сопствено видување – **САМОВЛАСНО**, прибавувајќи си права кои не им припаѓаат и применувајќи го Законот за општа управна постапка само тогаш кога ним ќе им одговоара. **Не можи и не смее** Минситерството за култура да забрани дополнување на поднесоци – особено не за авторско право, за кои се надлежни да го штитат во согласност со член 26 став 1 алинеја 5 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за авторското и сродните права.

**2.** Во вториот пасус, таксативно се набројуваат сите правни основи од Годишните конкурси со кои Министерството ги оправдува своите противуставни, дискриминаторски, неповолни и нехумани постапки, а во болдиран дел се наоѓа идентичниот текст од диспозитивот на Решението кое го имаме обжалено;

- Со ова се потврдува дека Министерството за култура ја игнорира односно врши **административен молк** врз електронската претставка од 25.02.2022 година со кој повикуваме на итен прекин на сите дискриминаторски аспекти од нивната т.н. електронска апликација која ги дигитализира сите обврски за граѓаните, но не и оние на Минситерството кои подразбираат одлучување за права и обврски на граѓаните и правните лица од Републиката.

Дополнително, со доставување на ова Известување после скоро два месеци од нашиот поднесок само се потврдува континуитет во дискриминаторскиот однос на Министерството за култура овај пат преку извршување на административен молк на начин што изработката на ова Известување в.в. со поднесок од 08 февруари 2022 година доаѓа на 30 март 2022 година. Згора на сето ова, не постои ниту збор од Министерството за култура в.в. со тоа дека **проектот е веќе образложен** и веќе е започната процедура поврзана со истиот од 03.09.2021 година.

Поради сето горенаведено, а во согласност со целокупната документација која е поднесена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и до Државниот управен инспекторат, повторно бараме Државниот урапвен инспекторат, да изврши итен и вонреден инспекциски надзор врз електронската апликација на Министерството за култура и да ја утврди фактичката состојба со примената на Законот за општа управна постапка и подзаконските акти за архивско работење во самата електронска апликација и да му **НАРЕДИ** на Министерот за култура да ги отстрани дискриминаторските делови на оваа т.н. дигитализација на административна процедура.

За крај, **бараме согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Државниот управен инспекторат редовно да не информира за сите документи и информации поврзани со нашата Иницијатива** за вршење на итен и вонреден инспекциски надзор од 05.04.2022 година.

*Со почит,*

**Подготвил:**
**Контролирал:**
**Одобрил:**

**МК-СИРК/МК-SEDS**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**

**Александар Ташковски**

ДНА:
- Архива на МК-СИРК;
- Архива на Миниcтерство за култура;
- Електронска достава до:
  * Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;
  * Државниот управен инспекторат;